# ЕСМ транзиција соларни фотоволтаици

**Земја:** Северна Македонија

**Број на проект:** 52320

**Деловен сектор:** Енергетика

**Вид на инвестиција:** Државен сектор

**Еколошка категорија:** Б

**Планиран датум на одобрување:** 24 март 2021

**Статус: Разгледан концепт**

**Објава на Резиме на проектот на Англиски јазик:** 5 Октомври 2020

## Опис на проектот

Обезбедување на долгорочен кредит во износ до ЕУР 25 милиони за јавното претпријатие за производство за електрична енергија АД Електрани на Северна Македонија („ЕСМ") за имплементирање на проект за 30MW соларни фотоволатици („ФВ") кој се состои од: (i) 10MW надградба на „Осломеј" (во моментов во изградба) на местото на експлоатираниот рудник за јаглен на РЕК Осломеј, и (ii) изградба на 20MW „Битола" до РЕК Битола (заедно„ Проектот").

# Цели на проектот

Проектот е дел од пошироко партнерство со властите на Северна Македонија и ЕСМ, за промовирање на праведна и зелена транзиција, вклучувајќи инвестиции во нови зелени капацитети за ЕСМ, зголемувајќи го производството на чиста обновлива енергија во регионот и земјата, кои имаат значаен недостаток на капацитети и висок степен на зависност од искористување на лигнит.

# Влијание врз транзицијата

ЕТИ резултат: 55

Проектот ќе придонесе во квалитетот на „зелената" транзиција со поддршка на изградбата на соларни ФВ со капацитет од 30MW, кој се очекува да резултираат во заштеда на 33.000 тони $CO_2$ на годишно ниво. Дополнително, проектот ќе биде насочен кон „инклузивна" транзиција, бидејќи ќе ги идентификува социјалните импликации на зелената транзиција и ќе дефинира редистрибуцијата и можностите за ре едукација во ЕСМ.

# Информација за клиентот

АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Назив: АД Електрани на Северна Македонија

ЕСМ е јавно претпријатие за производство на електрична енергија, во целосна сопственост на Владата на Северна Македонија. Компанијата обезбедува околу 90% од целокупното домашно производство. Просечното годишно производство е околу 3.600 GWh од термо централите (инсталиран капацитет од 842 MW)  и 1.250 GWh од хидроцентралите (инсталиран капацитет од 554 MW). ЕСМ исто така управува и со првата ветерна електрана во земјата, која има инсталиран капацитет од 37 MW и производство од околу 100 GWh годишно.

## Финансиско учество на ЕБОР

ЕУР 25.000.000,00

До ЕУР 25 милиони кредит кој ќе биде обезбеден на ЕСМ.

## Вкупна вредност на проектот

ЕУР 25.000.000,00

ЕУР 25 милиони

## Дополнителни бенефити

ЕБОР носи дополнителни бенефити заради финансиската структура која што ја обезбедува. Банката нуди финансирање кое не е достапно на пазарот од комерцијални извори, по разумни одредби и услови, и со рочност која е над пазарниот просек и е неопходен за да се структуира проектот.

Дополнително, ЕБОР обезбедува експертиза, иновација, знаење и/или способности кои се клучни за навремено остварување на целите на проектот, вклучувајќи поддршка за зајакнување на капацитетот на клиентот.

## Еколошко и социјално резиме

Б категорија согласно 2019 ЕСП. Проценката на еколошките и социјалните (ЕиС) аспекти на проектот е во тек, и ова Резиме на проектот ќе биде ажурирано по завршување на Проценката за еколошките и социјалните аспекти (ПЕСА). Клучните ЕиС влијанија и ризици кои се земаат во предвид се примарно поврзани со отпечатокот на проектот и влијанијата од пореметувањето на биодиверзитетот и влијанијата на ЕиС во типичната фаза на изградба. Опциите на локацијата за двата капацитети се предмет на ЕиС скрининг, и двата капацитета се очекува да имаат потреба од кратка електрична конекција до постоечките трафостаници лоцирани блиску до термоцентралите.

Тековната ПЕСА се изработува од консултант и вклучува посета на капацитетот за да се оцени локацијата на проектот и да се изврши собирање на податоци за биодиверзитетот, да се направи проценка на статусот на дозволите на Проектот и да се направи проценка на менаџмент капацитет за ЕиС на Клиентот. Критичната животна средина се однесува на видови кои се идентификувани во близина на локацијата на Осломеј, а проценката за потенцијалните влијанија на таквите карактеристики ќе се превземе согласно Барањата за работа 6. Врз основа на проценката ќе се креира Не-техничко резиме и План за ангажирање на учесниците (ПАУ) кои ќе бидат објавени на локалниот јазик. Клиентот е постоечки клиент на ЕБОР, за поголем број на проекти, вклучувајќи ја првата 10MW соларна централа во Осломеј, која е веднаш до едната локација каде што треба да се реализира предлог проектот, и каде се очекува наскоро да започне изградбата. Кумулативните влијанија на оваа локација исто така ќе бидат проценети. Еколошкиот и социјалниот акционен план (ЕСАП) ќе се изработат и договорат со клиентот.

# Техничка соработка и финансирање со грант

Техничката помош ќе се обезбеди за целите на :

1) Еколошка и социјална проценка, за проценка на различни еколошки и социјални влијанија поврзани со проектот, процена на усогласеноста со важечките закони и ЕСП и Барање за работење (БР) на ЕБРД, определување на мерките кои се потребни за превенирање или минимализирање и спречување на различните негативни влијанија, како и идентификување на потенцијалните еколошки и социјални можности, вклучувајќи ги и оние кои би ја подобриле одржливоста на Проектот.

2) Техничката проценка за ревидирање на постоечките мерења на соларно зрачење и обезбедување на насоки за Компанијата за минималните технички барања кои треба да бидат вклучени во тендерската спецификација, за да се обезбеди усогласеност на проектот со најдобрите меѓународни пракси.

3) Програма за инклузија која ќе се справи со социјалните влијанија од затварањето на рудникот со јаглен и производните капацитети, како и придвижување кон одржливо производство на електрична енергија.

## Контакт детали за компанијата

Благој Гајдарџиски
blagoj.gajdardziski@elem.com.mk
+389 2 3149 101
+389 2 3224 492
https://www.esm.com.mk/
11 Октомври 9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

## Последно ажурирање на ДРП

05 Октомври 2020

## Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се провери тука.

## Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.
За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) јавете сé на
Тел.:+44 20 7338 7168
Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проекти на Банката со државата, проверете на Набавки на ЕБОР:
Тел.: +44 20 7338 6794

Електронска адреса: procurement@ebrd.com

## Општи прашања

За прашања околу проектите можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

## Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на „еколошки стабилен и одржлив развој". ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на мехнизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

## Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси.

Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови, проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во проверување на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи одговор. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

# Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк Пристап до политики за информирање , за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се достават преку Формуларот за прашања за ЕБОР .

# Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизм на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП на ЕБОР, независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала Еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање , и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено превенирајќи идни неусогласување со Банката.

Ве молиме посетете ја веб страната за Механизми за проекти кои можеме да ги финансираме, за да дознаете како да доставите поплака преку доверливиот образец достапен онлајн, директно преку електронска адреса, онлајн електронска адреса или телефон. НМПП Ви стои на располагање за да разговара за Вашата загриженост околу оваа проблематика и да одговори на било кое прашање околу доставување или справување со поплаките, а е согласно Политиката за финансирање на проект и Упатствата. Идентитетот на доставувачите на поплаката може да се чува како доверлив, доколку истото е побарано од  подносителот на поплаката.